DOI 10.24249/2309-9917-2022-56-6-141-148

*И. Антоновски (Скопје, РС Македонија)*

# Клучната книга за Блаже Конески и неговото творештво како тестамент – ново капитално дело на современата македонска филологија

*Апстракт*: Текстот се однесува на едно од најзначајните остварувања на македонската филологија посветени на стожерната личност на современата македонска наука и култура и на севкупниот македонски XX век, Блаже Конески, не само меѓу објавите во текот на минатата 2021 година, кога се одбележаа 100 години од неговото раѓање, туку воопшто во периодот од заокружувањето на неговиот творечки опус (1993) наваму – книгата «Конески како тестамент» од Весна Мојсова-Чепишевска (Скопје: Матица македонска, 2021). За разлика од други авторски книги посветени на Конески во изминатите две-три децении, во коишто доминира синтезата меѓу мемоарското и научното, во оваа книга е присутен исклучиво научниот пристап во исчитувањето на текстот и вреднувањето на делото. Оваа книга дава нова насока за препрочитување, анализирање и вреднување на делото на Конески, со низа конкретни заклучоци и согледби кои треба да претставуваат појдовна точка при натамошните истражувања. Меѓу тие заклучоци и согледби се вбројува и дефинирањето на творештвото на Конески како нулта точка на македонската култура. Едновремено, со оваа книга се отвораат прашања и се анализираат сегменти од делото на великанот, коишто претходно не се согледани или потемелито анализирани и коментирани од македонската книжевна наука. Во анализата и вреднувањето на оваа книга, во текстот покрај овие прашања се коментира и иновативниот, единствен книжевно-теориски, историографски и кулутуролошки пристап што Мојсова-Чепишевска го применува во двете целини на книгата. «Конески како тестамент» претставува ново поглавје на вреднувањето на делото на Конески во македонската научна и културна средина – книга која во времето пред нас ќе биде клучна референца за секое книжевнонаучно или култролошко проучување на делото на великанот.

*Клучни зборови*: Блаже Конески, Весна Мојсова-Чепишевска, «Конески како тестамент», книжевна историја, книжевна критика, Македонија

*I. Antonovski (Skopje, RN Macedonia)*

## The Key Book about Blazhe Koneski and his Opus as a Will – New Capital Work in the Contemporary Macedonian Philology

*Abstract:* The paper refers to one of the most significant achievements of Macedonian philology, dedicated to the pivotal figure of contemporary Macedonian science and culture and to overall Macedonian 20$^{th}$ century, Blazhe Koneski, not only among the publications during the last year (2021), when the 100$^{th}$ anniversary of his birth was marked, but in general in the period from completion of his creative opus onwards (1993) – the book "Koneski as a Will" by Vesna Mojsova Chepishevska (Skopje: Matica Makedonska, 2021). Unlike other authors' book dedicated to Koneski in the past two / three decades, in which dominate the synthesis between the memoir and the scientific, in this book there is an exclusively scientific approach in reading the text and valorizing the work. This book provides a new direction for rereading, analyzing and evaluating Koneski's work, with a series of specific conclusions and insights that should represent a starting point for further research. Among those conclusions and observations, is the definition of Koneski's work as a starting point of Macedonian culture. At the same time, with this book are opened questions and segments from Koneski's work are analyzed, which weren't previously perceived or more thoroughly analyzed and commented by the Macedonian literary science. In the analysis and evaluation of this book, in addition to these questions the text also comments the innovative, unique literary-theoretical, historiographical and cultural approach which Mojsova Chepishevska applied in both parts of the book. The book "Koneski as a Will" represents a new chapter in the evaluation of Koneski's work in the Macedonian science and culture – a book which in the time ahead will be a key reference for any literary-scientific or cultural study of Koneski's work.

*Key words:* Blazhe Koneski, Vesna Mojsova Chepishevska, "Koneski as a Will", cultural history, literary criticism, Macedonia

По одбележувањето значајни јубилеи, вклучително и кога тие се однесуваат на национална култура и подразбираат низа активности, објави и нови истражувања, откако одбележувањето ќе заврши, неопходно е критички да се осврнеме кон оствареното, за да се издвои она што било суштинско и што остава траен белег од конкретното време придонесувајќи со нови вредности на/за таа култура, од она што било само формален и поводен дел од чествувањето. И тоа особено да се издвои она што е влог и во науката и/или уметноста кои се и легитимација на секоја култура. Оттука, по годината во која се одбележа 100-годишнината од раѓањето на корифејот на македонската научна мисла и македонското слово, Блаже Конески, неопходно е и македонската културна средина да се оврне кон сето она што беше остварено, при што ќе го издвои она што е суштински важно, едновремено и достојно за ликот и делото на великиот Конески – она што не е само завршен чин, туку референца на јубилејот, а и влог во времето пред нас.

По едно такво лично, критичко осврнување, меѓу најважното што се случи во македонската култура во 2021 година го издвојуваме објавувањето на книгата «Конески како тестамент» (Скопје: Матица македонска, 2021) од д-р Весна Мојсова Чепишевска, професорка на Филолошкиот факултет «Блаже Конески» при Универзитетот «Св. Кирил и Методиј» во Скопје и директорка на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот. Но, не

само заради тоа што станува збор за монографска публикација, што и само по себе подразбира можност за трајна вредност и трага од оствареното, туку пред сè заради значајноста на оваа книга за македонската наука. Со своето дело, нам, како на нација, Конески ни даде насока за траекторијата на севкупната наша, македонска култура, а со «Конески како тестамент», Мојсова-Чепишевска ни дава насока како треба денес да го препрочитаме, дочитаме и вреднуваме тоа дело. Ама и како може и треба делото на Конески да го интерпретираме и воспоставувјќи синтеза со влогот на неговите претходници, притоа имајќи ја неговата мисла како клучна референца, но и како траен архитекст и интертекст – како трајна инспирација на опитите на неговите современици и потомци. И дури други се потпираат на тврдењето дека Конески не оставил тетамент, таа сепак го наоѓа и исчитува неговиот тестамент – во неговото творештво, пред сè во неговата поезија, притоа не само реафирмирајќи ги неговите пораки и аманети, туку и препознавајќи ги и дешифрирајќи ги кодираните делови од неговиот опус, кои се суштински важни за вистински да се разбере творештвото-тестамент на «големиот татко на македонската научно-критичка мисла» како што го нарекува таа. И исто толку важно, со оваа книга се отвораат прашања и се анализираат сегменти од делото на великанот, коишто претходно не се согледани или потемелито анализирани и коментирани од македонската книжевна наука. Заради сето ова, «Конески како тестамент» е едно од најзначајните остварувања на македонската филологија посветени на стожерната личност на современата македонска наука и култура и на севкупниот македонски XX век, не само меѓу објавите во текот на минатата 2021 година, туку воопшто во периодот од заокружувањето на творечкиот опус на Конески (1993) наваму.

Во книжевната наука, се чини уште е отворена дилемата каквиот тип книги е поважен и поголем влог на книжевите истражувачи – оние кои се однесуваат на конкретен опус и се влог во книжевната историја или оние во кои преку корпус од националната книжевност се проверуваат одредени книжевни теории. Но, сепак, нема простор за дилема дека за секоја национална книжевност и култура се клучни научните книги коишто отвораат прашања и анализираат претходно несогледани или барем потемелно неанализирани сегменти од делото на авторите коишто со својот творечки влог го формулираат националниот книжевен и културен код. Впрочем, ваквите книги, посветени на одделни авторски опуси, со новото исчитување и вреднување на делото на великаните, се оние без кои националната книжевна наука и не може суштински да ја оствари својата мисија за (ре)конструирање на вертикалата на вредностите на националната книжевност. Без нив не може да се оствари ни компаративно исчитување на националната книжевност во поширок книжевен и културен контекст. Тие се клучна референца не само за книжевната историја, туку едновремено и за културологијата, и за компаративистиката, а со тоа и за целосното спознавање на националниот книжевен и културен код, заради што претставуваат и трајна научна и културна вредност, што не може секогаш да се каже за книги во коишто одреден корпус од националната книжевност само подлежи на апликативна примена на моментално актуелни книжевни или културолошки теории, како «проверка» на теориите.

Меѓу ваквите книги важни за македонската книжевна наука се вбројува и «Конески како тестамент», која и не е единствениот таков капитален влог на Мојсова-Чепишевска во македонската филологија, затоа што претходно таков влог таа оствари и со своите книги «Рацин и експресионизмот» (Скопје: Менора, 2000) и «Лицето на зборовите» (Скопје: Култура, 2004 / посветена на поетското твореш-

тво на Петре М. Андреевски). Сепак, во овој миг, токму «Конески како тестамент» се издвојува како книга-синоним за научниот подвиг на Мојсова-Чепишевска. Со оваа книга, таа се надоврзува на своите претходници – проучувачи на делото на Конески, меѓу коишто се и Георги Старделов, Милан Ѓурчинов и Атанас Вангелов, ама и суштински ги надградува нивните согледби и заклучоци. Впрочем, таа и единствениот македонски филолог од својата генерација што посвети одделна, авторска книга на Конески, којашто заедно со книгите на Атанас Вангелов, Димитар Пандев и Веле Смилевски објавени изминативе години фрла заграб нова светлина врз ликот и опусот на великанот на македонското лепословие.

Во предговорот на книгата, Мојсова-Чепишевска вели дека ова дело е омаж за Конески. Но, со дваесетте научни текста во книгата поделени во две целини: «Конески како поттик» и «Конески како инспирација», таа е многу повеќе од тоа, претставувајќи едно целосно ново поглавје на вреднувањето на делото на Конески. Таквиот научноистражувачки резултат е можен и остварен затоа што станува збор за книга која не е резултат на миговност, туку е создавана речиси две децении, со неуморни и постојани научни навраќања и препрочитувања на делото на великанот, за што сведочат и датирањата на текстовите во книгата. Зад подготовката на ваква книга, стојат илјадници и илјадници исчитани страници, неопходност од голема упатеност во низа микросфери на книжевната наука и културологијата. Затоа се вбројува меѓу остварувањата коишто не се само поводни и миговни, не само формални и пригодни, туку трајни – оние што детерминираат натамошни траектории на исчитување, вреднување и анализирање на делото на Конески. Не само во македонската книжевна средина, туку и воопшто во книжевната наука, на современ план, вистинска реткост е толкавата и толку долготрајна посветеност на творечкиот опус на великан од форматот на Конески од страна на еден научник, како и воопшто олкаво времетраење на еден научен потфат.

И исто толку важно – за разлика од други авторски книги посветени на Конески во изминатите две-три децении, во коишто доминира синтезата меѓу мемоарското и научното, во книгата на Мојсова-Чепишевска, присутен е исклучиво научниот пристап кон исчитување на текстот и вреднување на делото. Каузалното придржување исклучиво до научниот пристап дава додадена вредност на «Конески како тестамент» и за нејзиното позиционирање на вредносната вертикала на филологијата воопшто, и надвор од македонскиот контекст.

«Поради законот на месото, оптимизмот значи подобар избор од песимизмот. Сè е загубено без верата дека човештината сепак може да си создава поширок простор. Тоа би значело безусловна капитулација на духот. Тоа не го допушта дуализмот што го проникнува космосот. Има смисла во Сизифовата работа». Ова го вели Конески во препораката од неговата тестаментална «Таблица перваја» – најнеобичниот текст што сме го читале од него, еден од последните што тој ги има дадено за печатење и објавен непосредно по неговата смрт, а којшто досега, со научна диоптрија, преку одделен научен труд поместен и во книгата «Конески како тестамент» го исчита Мојсова-Чепишевска. Очигледно е дека Мојсова-Чепишевска ја има разбрано оваа препорака на Конески, затоа што се чини, оваа нејзина книга е резултат на работа, којашто на моменти најверојатно делувала и како сизифовска.

Евидентно е дека «Конески како тестамент» е резултат на цврстата научноистражувачка решеност на Мојсова-Чепишевска да се анализира и растајни неоткриеното, помалку познатото и помалку афирмираното, а исклучително важното од и за делото на Конески. Но, и одново да се исчита веќе прочитаното. И тоа

решеност којашто не е некаков проект со утврдена временска рамка, туку е постојана определба на Мојсова-Чепишевска, и затоа таа е видлива преку учеството на речиси секој научен собир на којшто може(ло) да се говори за Конески во изминативе децении, по неговото физичко заминување. При прочитот на неговото творештво, според досега објавените трудови и опфатот на «Конески како тестамент» повеќе отколку кој и да е друг книжевен научник којшто е изнедрен од Филолошкиот факултет во Скопје по пензионирањето на Конески, Мојсова-Чепишевска има навлезено во просторот меѓу двете рамништа на книжевниот текст коишто ги разликуваше тој.

Во оваа книга нема настојување (само) да се синтетизираат и резимираат претходните научни согледувања за опусот на Конески, туку значајно да се надградат. Затоа, во одделните текстови, особено во првиот дел од книгата, Мојсова-Чепишевска се зафаќа и со микротеми и прашања за делото на Конески. При интегралниот прочит сфаќаме дека книгата во целина ги одразува севкупните димензии на творецот Конески, но истовремено и дека без прашањата и сегментите и димензиите на неговото дело опфатени меѓу нејзините корици, а претходно несогледани или еден дел барем не доволно темелно вреднувани и коментирани од македонската книжевна наука, всушност, барем од денешна перспектива, одразот на творечката личност на Конески во филолошката интерпретација, не би бил целосен.

Како илустрација на оваа констатација, би посочиле не само на темелитото исчитување на Блажевата тестаментална «Таблица перваја» напишана во 1993 година, туку и на анализата на архитекстуалноста и интертекстуалноста во дијалогот на Зографски, Конески и руската литературно-јазична, научна и културна мисла. Ама и на инвентивниот пристап во исчитувањето на книжевни текстови на Конески, коишто претходно не беа поопстојно одделно анализирани од македонската книжевна наука, како на пр. неговите «Проложни житија». Мојсова-Чепишевска токму во такви текстови препознава предизвик и растајнува сегменти на неговото творештво коишто претходно не биле позначајно воочени во исчитувањата на научната јавност, а коишто изискуваат мошне внимателен и темелен, научен микропрочит. За ова можеме и лично да посведочиме, оти соавторски бевме свидетели на нејзината задлабоченост во творештвото на Конески при истражувањето коешто резултираше со еден од текстовите во книгата. Меѓу другото, во текст поместен во оваа книга, Мојсова-Чепишевска и ги доразви согледбите за Конески како биограф и митолог на детството, со анализа и исчитување значајно надополнувајќи ги анотациите на претходниците, за поетските слики од неговото творештво коишто се соодветни и/или наменети за детската читателска рецепција.

И да нагласиме, ова се само илустративни примери. Во «Конески како тестамент» има низа други отворени прашања и анализирани сегменти и димензии на делото на великот, коишто за првпат на ваков начин се во фокусот на македонската книжевна наука и културологија. А дека е тоа така, ќе се увериме не само ако погледнеме во библиографијата, односно користената литература на текстовите, туку и ако ги консултираме библиотечните и библиографски каталози. Во нив, единствени библиографски единици на низа теми се првообјавите на научните текстови поместени меѓу кориците на «Конески како тестамент» од Весна Мојсова-Чепишевска.

Кон сите прашања и теми опфатени со «Конески како тестамент», Мојсова-Чепишевска пристапува со иновативен книжевно-теориски, историографски и културолошки пристап, којшто е есенцијално обележје на оваа книга. Со него, Мој-

сова-Чепишевска покажува дека и песни како «Тешкото» и «Везилка», може да се исчитаат и поразлично од претходно. Од неа применетите книжевни теории и контекстуализираните културолошки аспекти, коишто се надоврзување и на дел од пристапите на Атанас Вангелов, за љубов на вистината како што би кажал Конески, претходно не се дотолку видливо применувани во македонската книжевна наука при микроисчитувањето и интерпретирањето на неговото дело. На пр. кога истражува за архитекстуалната и интертекстуалноста за Зографски и Конески, таа реферира на теориските согледби на Јаус, Барт, Дерида, Бахтин, Лакан, Кристева, Еко, Блум, кога ја анализира Блажевата «Таблица перваја» на Лахман и Лотман, како и на Ораиќ-Толиќ кога пишува за старите пораки во современ израз. Со нивната примена и контекстуализација, Мојсова-Чепишевска и доаѓа до дел од констатациите од новото поглавје на исчитувањето и валоризацијата на делото на Конески.

Но, во «Конески како тестамент», книжевната теорија не е потребна за со апликативната примена да биде проверена нејзината функционалност и употребливост во конкретниот контекст, ниту за преку опусот на Конески да се прераскажуваат сознанијата од опфатените теориски согледби, како што е во мноштво книжевни и културолошки осврнувања. Таа е потребна за со неа да се доискаже и дообјасни она коешто Мојсова-Чепишевска го детектира во микропрочитот на книжевниот текст. Затоа, на многу места во книгата, таа се насетува или препознава како искуство вградено во исчитувањето на книжевниот текст, а не како цитат, парафраза или «академска» фуснота.

Ама едновремено, во оваа книга е присутна и книжевната историја, и тоа во време, кога се чини дека таа, во книжевната наука сѐ повеќе е ставена на страна, запоставена, потисната од доминантната посветеност на книжевната теорија. Во «Конески како тестамент» се покажува дека и денес, книжевната историја ни е неопходна за да можеме соодветно да го исчитаме книжевиот текст и воопшто за да го валоризираме делото, особено од временска дистанца, но и дека не е анахрона, ако кон неа се пристапи со научноистражувачка инвентивност. Па така, со исклучителна научна акрибичност, во оваа книга, Мојсова-Чепишевска го поврзува Конески со редица значајни творци од македонската книжевна историја: Зографски, Џинот, Мисирков, Рацин, но и со еден поширок славистички контекст во кој се формирал неговиот лингвистички, книжевен и културолошки тестамент.

Во «Конески како тестамент», не само што се опфатени низа факти од историско значење коишто досега се чини биле запоставени или неафирмирани, а за еден дел од нас и малку познати или непознати и не само што се рефлектира ерудициска упатеност во македонската книжевна историја, туку Мојсова-Чепишевска и води дијалози со согледбите и оцените на своите претходници-книжевни историчари или приврзаници на историографскиот пристап – на пр. Поленаковиќ, Друговац, Ристовски, Ѓурчинов, Тушевски, Антиќ, Радически... И клучно, води дијалог и со размислите, ставовите и вреднувањата оставени од Конески, ама не само преку неговата поезија, туку и преку неговите историографски студии, есеи и преку фактографијата и кажаното од него поместено во културната книга «Разговори со Конески».

Во научните текстови на Мојсова-Чепишевска, книжевната теорија, културолошките аспекти и книжевната историја не само што не си противречат и не се «конкуренција», туку содејствуваат како единствен пристап, оти само така, како што се согледува во оваа книга е возможно книжевното проучување да го има предвид контекстот, којшто е нужен и за книжевното, и за културолошкото исчитување, коешто неминовно подразбира и одреден вредносен суд.

Со примена на ваквиот пристап, Мојсова-Чепишевска и упатува кон заклучокот дека без соодветно познавање и валоризација на делото на Конески, не можеме да ја објасниме и оствариме ни сегашноста, оти тоа не е само архитекст и интертекст на нашето актуелно книжевно писмо, туку и на нашата мисла и на нашиот критички, книжевен или културолошки прочит.

Во «Конески како тестамент» се согледува дека простата и строга македонска песна е нулта точка – амблем на великозначниот опус на Конески, негов лапидарен поетски манифест. Клучна е темелно аргументираната научна согледба дека таа, простата и строга македонска песна и воопшто делото на Конески е нулта точка на македонската (современа) култура, опфаќајќи ги и некнижевните форми на уметнички израз. Овој заклучок на Мојсова-Чепишевска, којшто е само еден од многуте од «Конески како тестамент» коишто имаат трајна книжевноисториска вредност и со кои оваа книга треба да биде цитирана референца во натамошното научно испишување страници од македонската книжевна историја, всушност го детерминира натамошното поимање не само на Конески, туку и на нашата култура, на нашиот бит, на нашиот македонски идентитет... Тој е онаа книжевнонаучна и културолошка позиција којашто треба да биде почетна точка за натамошните исчитувања на творештвото на Конески, но и за критичкото вреднување на нашата (современа) култура. А таквите исчитувањата и вреднувања е нужно да се случат – иако за низата прашања и аспекти опфатени со «Конески како тестамент», Мојсова-Чепишевска доаѓа до исклучителни заклучоци, сепак не инсистира да стави точка на научната дискусија, туку поттикнува на нови, натамошни исчитувања... Оваа книга е и обврска за сите нас коишто во денешницата го прифаќаме предизвикот за истражување на Конески, како да го оствариме тоа. За нас, посветениците на книжевноста коишто сме произлезени од школата на Мојсова-Чепишевска, таа е и патоказ, како денес, следејќи го воспоставениот, иновативен книжевно-теориски, историографски и кулутуролошки пристап, вистински и темелито да се вреднува делото на Конески.

Но, мораме да напоменеме дека и по објавувањето на «Конески како тетамент» евидентно е дека и Мојсова-Чепишевска продолжува со исчитување на делото на великанот, за што сведочи нејзината посветеност засведочена во нејзините понови објавени текстови и настапи на научни конференции.

Во претходните осврнувања кон «Конески како тестамент», напоменато е дека не само тезите, согледбите и заклучоците од неа, како и самиот пристап во анализирањето на творештвото на великанот, туку и севкупната оваа книга треба да добие свое место во македонската книжевна историја – во делот во којшто се вреднуваат остварувањата на книжевната наука и книжевната критика. Не само затоа што е единствена одделна, авторска книга за Конески од македонски филолог од генерацијата на Мојсова-Чепишевска, туку и затоа што е книга којашто детерминира натамошни траектории на исчитување и вреднување на делото на Конески, затоа што е ново поглавје во анализата на творештвото на великанот. Но, овојпат, мораме да нагласиме дека ова е книга е и клучна референца за славистиката воопшто, и тоа заради барем две причини – таа е светол пример како денес, на современ план да се пристапи кон опусот на еден клучен славист, но е и клучна референца за натамошните книжевнонаучни осврнувања кон Конески воопшто во славистичкиот свет, но и надвор од него, во севкупната филологија. Затоа што оваа книга, меѓу другото и расветлува досега незабележани врски меѓу подвигот

на Конески и славистиката и зашто и самата оваа книга е подвиг и заслужува свое место и во историјата на славистиката, особено на славистичката книжевна наука.

Во македонската културна средина, веќе е јасно дека «Конески како тестамент» е книга којашто треба да ја има во секоја македонска, јавна или домашна библиотека, и да биде прочитана. Ама е книга која треба да ја има и во секоја славистичка библиотека – и како дел од личната карта на македонската филологија, и како референца која е важна за севкупниот славистички свет.

Текстовите од «Конески како тестамент» и допрва ќе ги среќаваме надвор од кориците на оваа книга – како цитирана литература и појдовна точка на следните исчитувања на опусот на најзначајната личност на македонскиот XX век.

*Сведения об авторе:*


Иван Антоновски,
магистер по филолошки науки
истражувач
Филолошки факултет «Блаже Конески»
Универзитет «Св. Кирил и Методиј» во Скопје

Ivan Antonovski,
M.Sc. in Philology
Researcher
Blazhe Koneski Faculty of Philology,
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje

Иван Антоновски,
магистр
исследователь
филологический факультет имени Блаже Конеского
Университет св. Кирилла и Мефодия
i.antonovski@gmail.com